ЈАВЕН ПОВИК ЗА НАБАВКА НА УСЛУГА -

АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ/ТИМ НА ЕКСПЕРТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ЛОКАЛНАТА КОМПОНЕНТА НА ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ

Скопје,

август, 2020 година

ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис Скопје, со седиште на ул. Апостол Гусларот бр.40, 1000 Скопје во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество (во натамошниот текст: Проект) има потреба од - ангажирање на експерт/тим на експерти за ревидирање на Методологијата на локалната компонента на Индексот на отвореност.

Општата цел на експертската задача е да се развие ревидирана методологија на локалната компонента на Индексот на отвореност за валидно оценување на состојбата со доброто владеење на локално ниво, која ќе овозможи темелни анализи и ќе генерира податоци кои ќе ги поддржуваат напорите на Фондацијата Метаморфозис за застапување за подобрување на доброто владеење на локално ниво.

Специфичните цели вклучуваат подготвување на ревидирана методологија на локалната компонента на Индексот на добро владеење која:

- Ги зема предвид меѓународните стандарди, законската рамка, надлежностите како и праксата и предизвиците на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во Северна Македонија кон спроведувањето на политики на добро владеењев
- Промовира и го оценува креирањето и објавувањето на податочни сетови на значајни податоци со кои располагаат ЕЛС
- Користи адекватна терминологија на македонски јазик за сите индикатори

За таа цел објавуваме јавен повик за ангажирање на експерт/ тим на експерти за ревидирање на методологијата на локалната компонента на Индексот на отвореност. На овој линк се наоѓа листата на индикатори од претпоследното мерење на Индексот на отвореност на локално ниво. Доколку можете и сакате да поднесете понуда условите се следни:

1. **Предмет на набавка:**
   Набавка на услуга - ангажирање на експерт/тим на експерти за ревидирање на Методологијата на локалната компонента на Индексот на отвореност за потребите на Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

2. **Максимална проценета вредност на набавката:**
   Максималната проценета вредност на набавката изнесува 5.000 американски долари (USD) во денарска противвредност.

3. **Опис на услугата**
   Ревидирањето на методологијата на локалната компонента на Индексот на отвореност се состои од два конечни резултати:
   1. Excel база која ќе содржи индикатори поделени на области и под-области, со внесени вредности соодветно на индикаторот
   2. Наративен опис на методолошкиот пристап како и начинот на собирање и анализирање на податоците.

   За да се развие ревидираната методологијата, експертот/тимот на експерти ќе треба да :

- Ја оценат апликативноста на постоечките индикатори на локалната компонента на Индексот на отвореност, поддржано со истражување на рамката на закони и политики како и со познати добри практики.
- Ги ревидираат областите, под-областите и индикаторите на Индексот на отвореност за да ги применуваат потребните измени за Индексот да биде применлив за реално проценување на ситуацијата со доброто владеење во Северна Македонија, и тоа земајќи ги во предвид (а) меѓународните стандарди и добри практики, (б) законската рамка како и (в) практиките и предизвиците на ЕЛС во Северна Македонија
- Ги дефинираат алатките за истражување на Индексот на отвореност, кои најмалку ќе вклучуваат мониторинг на веб страниците на ЕЛС и прашалник споделен и пополнет од ЕЛС.
- Ги дефинираат индикаторите на Индексот во сите столбови и предложуваат нивно пондерирање во соодветниот столб како и меѓу столбовите на Индексот – секој од нив поддржано со релевантни и доверливи ресурси (пр. Закон за локална самоуправа; 12 Principles of Good Democratic Governance, Council of Europe 2008)
- Даваат објаснување за типот на информации/податоци/документи кои би биле прифатливи како одговор на секој индикатор на Индексот и како секој од нив би се оценувал.

4. Набавката по повикот не е делива.

5. Понудувачот треба да ги исполни следните критериуми:

Ангажираниот експерт/тим на експерти треба да ги исполнуваат минимум следните квалификации:

- минимум седум години работно искуство во областа
- искуство во работа/соработка со ЕЛС
- одлично познавање на добрите практики на добро владеење, особено на локално ниво (концептот, процесите, трендовите)
- познавање на концептот на отворени податоци
- практично работно искуство во развивање на методологии за квантитативно истражување
- најмалку 3 изработени анализи и/или трудови/активности во бараната област ("добро владеење и подготовка на квантитативни методологии);

- Како доказ на професионалната способност (поврзано со предметот на набавката) на лицата кои ќе бидат вклучени во вршење на услугите, понудувачот треба да достави:
  - Кратка биографија (CV)
  - Список со линкови или прилози на најмалку 3 изработени анализи и/или трудови/активности во бараната област ("добро владеење и подготовка на квантитативни методологии);
  - минимум три референци од претходни ангажмани на темата добро владеење и изработка на квантитативни методологии (како предметот на набавката) со имиња, позиции и информации за контакт: е-меил адреси и телефонски броеви.

6. Временска рамка на активностите

Активност	Рок

Проценка на валидноста на индикаторите на локалната компонента на Индексот на отвореност	Една седмица по потпишување на договорот
Предлог план за работа и временска рамка	Една седмица по потпишување на договорот
Прва драфт верзија на методологијата: (1) excel базата и (2) наративниот опис	11 октомври 2020
Последна драфт верзија на методологијата: (1) excel базата и (2) наративниот опис	1 ноември 2020
Извештај за работата по завршување на сите обврски и пред да се изврши плаќањето	9 ноември 2020

7. Изборот на понудувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда , односно:

- Квалитет на понуда: 60 бода
- Финансиска понуда: 40 бода

Вкупно: 100 бода

За критериумот квалитет за двата аспекти на ангажманот (добро владеење и методологија), ќе се оценуваат следните аспекти:

i. Кратка биографија (CV) (Релевантност на искуството на експертот/тимот) – 15 бодови
ii. релевантност на доставените продукти од тематски (добро владеење на локално ниво) и од технички аспект (методологија за квантитативно истражување) – 30 бодови
iii. Референци од претходни ангажмани на темата добро владеење и изработка на квантитативни методологии (како предметот на набавката) – 15 бодови

Ќе се избере понудувачот кој ќе добие вкупно најмногу бода (квалитет + цена).

8. **Временска рамка** - Производот/Услугата треба да се испорача во период од 50 календарски дена од денот на склучувањето на Договорот.

9. Изготвување на понудите / Понудата треба да содржи следните елементи:

a. Финансиска понуда (образец во **Прилог 1** од тендерската документација)
b. **Листа на референци** (согласно барањата наведени во точка 5.)
c. **Кратки биографии (CV-а)** од стручни лица кои ќе бидат вклучени во вршење на услугите, со соодветни професионални квалификации (согласно барањата наведени во точка 5).
d. **Прилог документи или линкови на најмалку три реализирани оутпути/проекти** (а) на темата "добро владеење на локално ниво"и (б) на подготовка на квантитативни методологии реализирани од експертот/тимот.

Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена од денот на отворање на понудите.

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик на печатно кирилско писмо пополнети рачно

или на компјутер. Сите дополнителни појаснувања може да се добијат преку адресата на е-пошта qendresa@metamorphosis.org.mk најдоцна до **04.09.2020** година до 13:00 часот.

10. Понудите се доставуваат по електронски пат на qendresa@metamorphosis.org.mk или во хартиена форма по курирска служба или лично на адреса ул. Апостол Гусларот бр.40, 1000 Скопје, со назнака " НЕ ОТВОРАЈ" и "Набавка на услуга - Ангажирање на експерт/тим на експерти за ревидирање на Методологијата на локалната компонента на Индексот на отвореност". Доколку понудите се доставуваат електронски истите треба да бидат скенирани со потпис.

Краен рок за доставување на понудата е **09.09.2020 година до 16:00 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние понуди што нема да ги содржат потребните елементи или не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид за понатамошна евалуација.

11. Плаќањето ќе се изврши по реализација на услугата и по доставување и одобрување на извештајот за целокупниот ангажман.

12. Известување на понудувачите

Ќе бидат контактирани сите понудувачи кои ќе доставаат понуди.

ПРИЛОГ 1 – Образец на понуда

I. ОПШТ ДЕЛ*

I.1 Назив на понудувачот: _____

I.2 Адреса на понудувачот: _____

I.3 Телефонски број: _____

I.4 E-mail адреса_____

I.5 Име и презиме на одговорно лице:_____

I.6 ЕМБ/С:_____

I.8 Согласни сме да ја дадеме оваа понуда согласно предметот на набавка и условите наведени во барањето за понуди

**** Доколку понудувач е група на експерти Делот I. ОПШТ ДЕЛ, се пополнува за секој експрет поединечно. Да се назначи кое лице е ТИМ ЛИДЕР.***

II. ФИНАНСНИСКА ПОНУДА

Ред. бр.	**Спецификација**	**Бруто / Вкупна цена со вклучен ПДД и сите други пропратни трошоци и даноци (во денари)**
1.	Експертски ангажман за исполнување на задачите од повикот*	
	ВКУПНО	

****Доколку понудувач е група на експерти, да се додадат дополнителни редови со наведување на името и презимето на експертот и поединечниот бруто хонорар за секој експерт. Предмет на евалуација ќе биде вкупната цена на ангажманот.***

Важност: 30 дена од датумот на понудата

Датум и место, Потпис

_____ _____

Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба (само за правни лица)

И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот _____ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени во тендерската документација по барањето за понуди за набавка на ревидирана методологија на локалната компонента на Индексот на отвореност и дека понудувачот ќе му ги стави на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, доколку понудата биде избрана за најповолна и набавувачот го побара тоа.

Место и датум

_____

Потпис

_____

Прилог 3 – Изјава за прифаќање на условите од тендерската документација

И З Ј А В А

Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме сите услови од тендерската документација за набавка на Ревидирана методологија на локалната компонента на Индексот на отвореност врз основа на која ја поднесуваме нашата понуда. Согласни сме тие услови во целост да претставуваат составен дел на договорот.

Изјавуваме дека против нас не е поведена стечајна постапка и немаме забрана за вршење на дејност.

На ваше барање ќе ви ги доставиме сите документи утврдени во барањето за понуди потребни за докажување на исполнувањето на овие критериуми.

Место и датум

_____

Печат и потпис на одговорно лице

_____

**** Доколку понудувач е група на експерти, овој образец треба да биде потпишан од сите експерти вклучени во понудата.***